# Општините ќе добијат 50 милиони евра за стари долгови, а имаат за враќање речиси 90



Фото: Игор Банскалиев

Цел бран на отпис на камати ќе се случи идната година со двата закона што минатиот месец беа изгласани во Собранието. Првиот, Законот за финансиска поддршка на општините, ќе повлече локалната самоуправа да им даде предност на фирмите што ќе се откажат од каматата и ќе ја намалат главнината на своите побарување за 15 отсто, при наплата на долговите. Вториот се однесува на отписот на каматите кај долговите што ги имаат физичките лица.

Првиот закон го предложи Министерството за финансии, за да обезбеди финансиска поддршка за општините, со што и директно ќе помогне на економскиот развој и ќе го намали јавниот долг на државата.

- Средствата што ќе им се доделат на единиците на локалната самоуправа како финансиска поддршка се строго наменски и неповратни. Целта е да се зајакне фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа, сервисирање на долговите и раздолжување кон стопанството - вели министерот за финансии Драган Тевдовски.

Со ребалансот на буџетот за 2018 година, Министерството за финансии одвои речиси 50 милиони евра за плаќање на достасаните а неплатени долгови на општините.

Според податоците на Министерството за финансии, општините до септември пријавиле над 80 милиони евра достасани а неплатени обврски, а до крајот на годината за плаќање ќе стигнат уште дополнителни 7,8 милиони евра. Најголем должник е општината Охрид, со 15,7 милиони евра, па општината Тетово со долг од речиси 11 милиони евра, Карпош со 7,7 милиони и Струга со долг од речиси 4 милиони евра.

Општините Дојран и Кратово се единствените општини што немаат достасани а неплатени долгови.

Според Законот за финансиска поддршка, кој беше објавен во „Службен весник“, на 15 ноември годинава, општините ќе ги добијат парите на посебна наменска сметка, најдоцна до крајот на 2018 година.

Во законот стои и дека овие средства не можат да се користат за исплата по основа на извршни исправи.

Од Министерството за финансии го објаснуваат овој член.

- Поделените средства нема по автоматизам да одат кај судски извршни решенија, бидејќи истите тие одат на посебна наменска сметка на општината.

Се преговара со сите доверители. Приоритет при исплата на достасаните а неплатени обврски имаат обврските со кои спогодбено со доверителот

е постигнато целосно откажување од каматата и намалување на главнината на побарувањето за 15 отсто - велат од Министерството за финансии, без да прецизираат што ќе се случува со побарувањата што ги имаат извршителите за предметите што се почнати и чекаат за наплата со години.

Градоначалникот објавува јавен повик до сите доверители за достасаните а неплатени обврски евидентирани во електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските заклучно со септември 2018 година, за спогодбено утврдување на износот на обврските. Тој преговара со сите доверители што се јавиле на повикот, а по завршувањето на преговорите подготвува извештај за вкупниот договорен износ по доверители и го доставува до Советот на општината на одобрување. Одлуката на Советот на општината и извештајот за вкупно договорениот износ по доверители за финансирање достасани а неплатени обврски се објавува на веб-страницата на општината.

Доколку останат пари на посебната сметка, општината треба да ги врати во Министерството за финансии најдоцна до 31 јули 2019 година.

Министерот за финансии вели дека за да спречат во иднина да се трупаат вакви долгови, општините не може да планираат буџет повисок од 10 отсто од просечно остварените приходи во последните три години.

- Преоптимистичкото планирање на приходите е една од причините поради кои општините креираа ненамирени обврски во претходните години, затоа воведуваме ограничување при планирањето на сопствените приходи на основниот буџет на општините, во смисла тие да може да се планираат со пораст од најмногу 10 отсто од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција - вели министерот Драган Тевдовски.

Сите државни институции, општини, јавни претпријатија, заклучно со септември, имаат неплатен долг од вкупно 305 милиони евра, а 160 милиони е долгот кон приватниот сектор.

До крајот на годината ќе стигнат уште 107 милиони евра за плаќање. Во наредните две години ќе достасаат за плаќање нови 240 милиони евра.

## За отпис на каматите одлучува доверителот, откако ќе се плати главниот долг

Вториот закон за отпис на каматите го предложија пратениците во Собранието, а се однесува на сите граѓани должници, без разлика на нивната социјална положба, за кои постои судско решение за извршување заклучно со 25 мај 2006 година. Според законот, кој беше објавен во „Службен весник“ на 30 ноември, отписот на каматите ќе се врши врз доброволна основа од страна на доверителите. За отпис на камата ќе се поднесува барање до доверителот. Кон барањето должникот приложува и доказ за извршена исплата на главниот долг.

- Доверителот е должен во рок од 15 дена по приемот на доставениот доказ за извршена уплата на главниот долг да го извести за усвојување (целосно или делумно) или за одбивање на отписот на каматата. Доколку доверителот изврши отпис на каматата, должен е веднаш, но не подоцна од 8 дена по донесената одлука, за истото тоа да го извести нотарот или извршителот кај кого било трансферирано решението за извршување издадено од судот, дека е исплатен главниот долг и извршен е отпис на каматата, поради што бара запирање на постапката пред нотарот или извршителот, стои во Законот за отпис на камати.

Висината на наградата и надоместокот на извршените трошоци за работата на извршителите и адвокатите, по предмети што произлегуваат од услугите утврдени од овој закон, односно за процесните трошоци на нотарите, не може да надмине 20 отсто од нивните предјавени и утврдени трошоци.

## Дуинг бизнис: За извршување во Македонија се потребни 127 дена

Македонија е рангирана на 10-то место во најновиот извештај „Дуинг бизнис 2019“ на Светска банка, што е подобрување за една позиција во однос на претходната година.

Рангирањето е правено врз основа на 10 критериуми, а се опфатени 190 земји во светот.

Македонија е најдобро позиционирана, на седмото место, според критериумот заштита на малцинските инвеститори, а најслаб според критериумите регистрирање имот и почнување бизнис, на 46-то односно 47-то место.

- Во делот на спроведување на договорите, Македонија е рангирана на 37-то место, што е пад за две места во однос на лани. Влошувањето на позицијата не е резултат на влошената состојба во оваа област, зашто земјата ги задржала истите поени од лани, туку на подобра законска регулатива што е донесена кај некоја друга земја од ранг-листата, па Македонија е спуштена подолу - велат од Министерството за финансии.

Извршувањето на договорите е полошо во Бугарија, која е рангирана на 42-то место, Црна Гора на 44-то место, Грција е позиционирана дури на 132-то место.

Според „Дуинг бизнис“, во Македонија се потребни 634 дена за спроведување на договореното.

Најмногу време се губи за судење и носење пресуда - 437 дена. За извршување на пресудата е потребно 127 дена.

Трошоците за спроведување на договореното изнесуваат 28,8 отсто од вредноста на договорот.

За надоместоци на адвокати одат 16,3 отсто, за судски такси 6,9 отсто и за надоместоци за извршување 5,6 отсто.

Во извештајот „Дуинг бизнис 2019“, Македонија е највисокорангирана од државите во регионот. Словенија е на 40-то место, Косово на 44-то, Србија на 48-то, Црна Гора на 50-то, Хрватска на 58-то, Бугарија на 59-то, Албанија на 63-то, Грција на 72-то, а Босна и Херцеговина на 89-то.

Најдобра во светот, според „Дуинг бизнис 2019“, е Нов Зеланд, а покрај Македонија, во топ 10 се уште и Сингапур, Данска, Хонгконг, Јужна Кореја, Грузија, Норвешка, САД и Велика Британија.

## Државниот ревизор: Лимитот на општините е голем проблем за доверителите

Државниот завод за ревизија уште пред неколку месеци ги повика претседателите на судовите да го преиспитаат лимитот на општините што се иззема од извршување, зашто тоа е голем проблем за компаниите доверители. Општините се анализирани во периодот од 2012 до 2016 година, а ревизорите предупредуваат дека ваквата одредба се злоупотребува во практиката.

Ревизорите констатирале дека од 14 блокирани општини, 11 имаат утврден лимит со решенија од судот, со кои тие можат со години да не плаќаат, а парите да си ги користат за нови вработувања, унапредувања на постојните вработени и повисоки плати, па дури и за купување нови автомобили и мебел.